#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Безбедност од пожар | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 8 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Фокусираност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 80 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да ги запознае правилата за безбедно однесување во домот и одговорно да се однесува кон своите и кон заедничките работи. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето ги знае правилата за безбедно однесување и одговорно се однесува кон своите и кон заедничките работи во домот. | |
| **Насоки** | |

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**
Гледање на анимиран филм (прилог бр. 1) и разговор. Подготовка на материјали за пишување (молив и лист хартија и цртање на мапа на просториите од домот).

**ФАКТИ ЗА ОГНОТ**
Оваа активност треба да ги опфати општите информации во однос на огнот и пожарите, односно преку разговор со детето треба да се открие колку познавања има и да му се дадат дополнителни информации во однос на темата.
Контролираниот оган се смета дека е еден од најдобрите човечки пријатели.
Примитивните луѓе го користеле за:

- греење;
- готвење;
- претворање на глина во керамика;

- осветлување.

Освен што обезбедува светлина, луѓето денес огнот го користат за истите работи. Тој, исто така, ја снабдува и енергијата за водење парни мотори и други машини. Се користи за одделување на метали од нивните руди и за многу хемиски процеси. Неконтролираниот оган е еден од најлошите непријатели на човештвото. Пожарите предизвикуваат многу смртни случаи и милијарди денари оштетување на имотот во некои држави. Некои пожари се предизвикани од природни причини, на пример молњите често предизвикуваат шумски пожари. Некои пожари се предизвикани од негрижа, а други се намерно предизвикани од човекот.

**ПРОШЕТКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

Прошетајте низ вашиот дом и забележувајте ги позициите на потенцијалните ризични места или апарати коишто може да предизвикаат пожар и забележете ги на претходно исцртаната мапа.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**

**БЕЗБЕДНОСЕН ПЛАН**

Детето има задача да ги означи вратите и прозорците од домот. Ако живеат во стан или куќа на неколку ката, да се означат скалите и придружните згради/куќи. Со децата да се разговара за улогата на противпожарните апарати, хидранти и слично, а потоа да се направи план и патека на движење во случај на пожар во домот или неговата околина.

**ПОСТЕРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

Членовите на семејството треба заедно да креираат постери за безбедност и превенција од пожари. Може да смислат и добар слоган и да користат едноставни, светли бои и големи букви и постерот да се постави на видно место во домот.

**ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА 193**

Со детето се разговара за улогата на службата за Противпожарна заштита, специјализираните возила, нивната опрема и улогата на пожаникарите.
Важно е секое дете да го знае телефонскиот број на кој може да ја повика Противпожарната бригада.

**<u>Активност/игра</u>**

Активноста се одвива во неколку фази коишто родителот треба да ги води според подолу дадените упатства.

<table>
<tr><th>Прилози</th><th>Материјали</th></tr>
<tr><td><u>Прилог бр. 1</u><br><br>https://www.youtube.com/watch?v=RTfsaHULc48<br><br>
</td><td>Материјали за пишување (молив и лист хартија) и ликовни материјали</td></tr>
<tr><th colspan="2">Активноста е подготвена од:</th></tr>
<tr><td colspan="2">Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајн: Катерина Николовска<br><br>Лектура: Јана Михајловска<br><br>Превод: Агим Лека</td></tr>
</table>



